Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ„ бр.36/04) и член 22 од Статутот на Општина могила („Службен гласник на Општина Могила„ број 5/2006), Советот на општина Могила, на седницата одржана на 02.02. 2015 година, донесе>

**О Д Л У К А**

За формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди-**ПОПЛАВА** во општина Могила

Член 1

Се формира комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-поплава настаната од поројните и обемни дождови на ден 31.01.2015 година и 01.02.2015 година во општината Могила , во состав:

1. **Ацо Тасевски-државен службеник во општина Могила**
2. **Николина Марковска - државен службеник во општина Могила**
3. **Славе Петровски- државен службеник во општина Могила**
4. **Тони Алчевски – член на советот во општина Могила**
5. **Зоран Кековски-член на советот во општина Могила**
6. **Филип Анацковски –член на советот во општина Могила**

Член 2

Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди, врши проценка и утврдување на висината на штетата.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

Член 3

Утврдувањето на висината на штетата започнува веднаш по настанувањето на непогодата и во рок од 60 дена од престанокот на непогодта .

Комисијата од член 1 на ова одлука е должна да изготват Извештај за утврдената штета и да го достават до комисијата што ја формира Владата на РМ.

Комисијата во својата работа соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции, а по потреба ангажира и стручни лица експерти од соодветната област каде се врши проценка на штетата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Могила.

Бр.07-148/4
02.02.2015 година
М о г и л а

Совет на општина Могила
Претседател,
Тони Алчевски с.р